КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03 - 199/1
21.02. 2020 год.
СКОПЈЕ

Здружение за хумано домување
"ХАБИТАТ МАКЕДОНИЈА"
Бр. 0307-86/1
24.02 2020 год.
Скопје 1

**Комора на овластени архитекти и овластени инженери**

**Хабитат Македонија**

Со цел развој и соработка во делот на инженерството и развојот на секторите градежништво и домување, а во согласност со заедничките интереси на двете институции, Хабитат Македонија и Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија (во натамошниот текст: Комора), во Скопје го потпишуваат следниот:

# МЕМОРАНДУМ ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА

Потписниците на овој Меморандум се обврзуваат дека во рамките на својата примарна дејност, заеднички ќе делуваат и меѓусебно ќе соработуваат во интерес на заедничкото делување и реализација на цели од заеднички интерес, на следните начини:

- Континуирана соработка и координација меѓу стручните лица од Комората и Хабитат Македонија особено во процесот на изготвување на предлог документи или мерки за развој на секторите градежништво и домување во Република Северна Македонија.

- Размена на искуства и најдобри практики преку гостувања на претставници од Комората и Хабитат Македонија во активности или во настани кои ќе третираат теми од областите инженерство, градежништво и домување во Република Северна Македонија.

- Учество во заеднички проекти во областа на високото образование, истражувачки проекти, проекти од областите градежништво и домување, како и заштита на интересите на овластените архитекти и овластените инженери при вршењето на работите од нивен домен на професионално делување.

- Реализација на едукативни настани (специјализирани обуки, работилници и сл.) на теми поврзани со инженерството и секторите градежништво и домување.

- Други активности неспомнати погоре за кои двете потписнички страни ќе искажат интерес за соработка.

Заедничките активности и проекти ќе се реализираат на иницијатива и покана на една од страните потписнички на меморандумот.

Овој меморандум не ги ограничува или строго утврдува начинот и видовите на соработка, туку ја насочува сферата на заеднички интерес која е во согласност со нивната мисија и визија.

**Скопје, 20 февруари 2020 година**

**потпис и м.п.**

**Проф.д-р Миле Димитровски**
**Претседател**

Комора на овластени архитекти и овластени инженери

**потпис и м.п.**

**Д-р Зоран Костов**
**Извршен директор**

Хабитат Македонија